# Развој и имплементација на политики за сајбер безбедност во јавните институции

**Кристијан Јовановски**

Дипломски труд · 2026

Ментор: проф. д-р Ана Секуловска Јовковска

Трудот ја разгледува потребата од систематски развој и имплементација на политики за сајбер-безбедност во јавните институции, каде дигитализацијата на услугите истовремено ја зголемува изложеноста на сајбер-ризици. Анализирани се типичните закани, меѓународните и европските безбедносни практики и факторите што влијаат врз институционалната отпорност, вклучувајќи управување со пристап, заштита на податоци, одговор на инциденти и обука на вработените. Истражувањето користи квалитативни и квантитативни показатели од релевантни извештаи и студии за да го оцени степенот и динамиката на ризикот. Заклучокот е дека политиките не смеат да останат формални документи, туку треба да бидат континуирано ажурирани, практично применети и поврзани со јасни процедури, одговорности, инвестиции и развој на безбедносна култура.

**Клучни зборови: Сајбер-безбедност · Јавни институции · Безбедносни политики**